СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 декември 1991 година

Скопје, 19 декември 1991 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 декември 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја отворам Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Страшо Милковски, Панче Насев и Драги Арсов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и присуствуваат: претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров; членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија д-р Васил Тупурковски; претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Дами и господа пратеници,

Денешнава седница ја свикав со цел Собранието на Република Македонија да ги разгледа документите што ги донесе Советот на министрите за надворешни работи на ЕЗ на 16 декември 1991 година во Брисел.

Со содржината на овие документи во основа запознаена целокупната јавност во Републиката и пошироко. Меѓутоа, со оглед на нивното значење за меѓународниот државно-правен статус на Републиката има потреба Собранието на Република Македонија да расправа по нив и да донесе соодветен акт.

Посебно сакам да нагласам дека содржината на овие документи кореспондира со определбите и активностите на сите политички субјекти во нашата Република и на Собранието на Република Македонија уште од почетокот на своето повеќепартиско конституирање. Всушност тоа се определби за конечно заокружуваше

на меѓународниот државно-правен субјективитет на самостојна и суверена Република Македонија.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Декларација за критериумите за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз и Декларација за Југославија усвоена од Советот на министрите на Европската заедница.

Со оглед на актуелноста и значењето на предложениот дневен ред, предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред се усвојува едногласно.

**Минуваме на точка 1.**

- Декларација за критериумите за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз и Декларација за Југославија усвоена од Советот на министрите на Европската заедница

Декларациите ви се поделени.

Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и Комисијата за општествено-политички систем на денешната седница ги разгледа декларациите.

Извештајот од седницата на комисиите ви е поделен.

Исто така, поделен ви е и Предлог на декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.

Воведно излагање по Декларацијата за критериумите за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Со-јуз и Декларацијата за Југославија усвоени од Советот на минист-рите на Европската заедница ќе поднесе министерот за односи со странство д-р Денко Малевски.

Има збор д-р Денко Малевски.

ДЕНКО МАЛЕВСКИ:

Господине претседателе, госпоѓи и господа пратеници.

Би почнал со неколку воведни реченици од Париската Повелба за нова Европа каде што пишува дека времето на судири и поделби во Европа е минато. Ние изјавуваме, се вели натаму дека нашите идни односи ќе се засноваат врз почитување и соработка. Европа се ослободува од своето минато. Пред нас е задачата да ги оствариме надежите и очекувањата кои нашите народи ги гаеле со децении и неуморно се залагаме за демократија, која се темели врз правата на човекот и основните слободи за постигнување благосостојба преку економска слобода и социјална правда и за еднаква безбедност на сите народи. Кон таа висока цел, се

вели во Парискатa Повелба не водат десетте начела од завршниот акт кои ни го осветлуваат патот кон подобри односи во овие последни 15 години.

Потсетувајќи се на тие начела од завршниот акт од Хелсинки 1975 година, изјавуваме дека тие начела ќе го осветлуваат патот на Република Македонија во годините што доаѓаат. Следните десет начела се и онака базични принципи на нашата надворешна политика.

Прво, суверена еднаквост на државите што го опфаќа правото на секоја држава на правна еднаквост, територијален интегритет на слобода и на политичка независност.

Второ, воздржување од закана со сила или употреба на сила. И ставот дека не може државите да се повикуваат на било која причина која би служела како оправдување за примена на сила или закана со сила.

Трето, неповредливост на границите.

Четврто, територијален интегритет на државите.

Петто, мирно решавање на споровите и ставот дека во оваа смисла ќе се користат средства какви што се: преговори, анкети, посредувања, мирење, арбитража, судско решавање и други мирни средства.

Шесто, немешање во внатрешните работи.

Седмо, почитување на човековите права и основните слободи, вклучувајќи ги и слободата на мисла, совест, вероисповест и убедување. Во тој контекст државите се обврзуваат на териториите каде што живеат национални малцинства дека ќе им се пружи полна помош за вистинско уживање на човековите права и основни слободи.

Осмо, рамноправност и право на народите на самоопределување. Во оваа смисла секој народ има право на полна слобода да го одредува својот внатрешен и надворешен политички статус и да остварува свои политички, економски, општествен и културен развој.

Девето, соработка меѓу државите заради подобрување на благосостојбата на сите народи.

Десето, совесно исполнување на обврските по меѓународното право.

Убедени сме во исправноста на овие принципи и се определивме за политика на мирољубиво самоопределување. Тоа практично значи дијалог, компромис и настојување да се уважува позицијата на другите. Се разбира таквата наша политика на умереност и толеранција претставува одмерен но одлучен од кон целите за кои се залагаме. Тоа, да повторам, се цели зад кои стои цела Европа.

Сведоци сме дека за прв пат во својата историја токму деновиве континентот забрзано се обединува околу заеднички принципи кои се посилни од војната и уништувањето. Тоа се принципите кои почиваат врз правата на човекот. Во тој збир на политички и економски, социјални, културни и национални права е и правото на самоопределувањето на народите.

За мнозина кои притиснати од историското искуство на Европа и минатото на регионот во кој што живееме се сомневаат во можноста да се оствари право на мирољубиво самоопределување, ставовите од Брисел беа вистинско изненадување. За среќа сепак ја препознаваме новата политичка економска и духовна клима на Европа денес. Тоа е Европа во која што владеат правото, не силата. Тоа е Европа на мир, Европа на соработка, Европа на интег-рација меѓу народите.

Југославија пак е во завршната фаза на процесот на разградување.

Не задржувајќи се на причините кои ни се толку добро познати, убеден сум

дека државите кои настануваат на нејзината територија еден ден и тоа не така далечен ќе се обединат врз нови принципи на Европа. Зошто, да не заборавиме Европа е сета во знакот на еден процес, интеграција. Оттука и во овие моменти кога процесот на осамостојувањето добива ненадејно забрзување, треба да гледаме и понатаму од чинот на независноста, да гледа-ме во идната интеграција со досегашните членки на Федерацијата, со земјите на Балканот и сите земји на Европа.

Сочувствуваме со сите кои страдаат во оваа безумна војна која со топови ги разруши принципите на Хелсинки.

Работејќи на меѓународен план, секогаш на прво место сме ја истакнувале потребата од прекин на непријателствата за да не биде загубен макар и уште еден човечки живот. Сме го истакнувале тоа пред нашиот интерес да бидеме независна и суверена држава, зошто не веруваме во политика која е спремна да го турне народот во невидени страдања за да се остварат цели, по-високи од животот на луѓето, особено не денес кога ни стојат на располагање сите демократски инструменти на Европа.

Се што се случува околу нас не упатува да застанеме во одбрана на демократијата во Македонија.

Во доменот на човековите права, а во согласност со спомнатите документи мораме да покажеме дека е можна демократија во сожителство од друга националност, вера или политичко убедување.

Соочени со европските критериуми ќе мораме брзо да научиме дека на крајот од дваесетиот век суверена држава не е само право на мнозинскиот народ, туку и обврска, обврска кон правата на малцинствата.

Од друга страна, правата на малцинствата носат со себе и обврска, обврска да се гради чувство на лојалност кон државата чии граѓани се тие. Токму во тој мирен процес на давање и примање ќе го градиме толку нужниот меѓунационален консензус како услов на стабилен развој на Македонија и за благосостојба на сите нејзини граѓани.

Македонија треба да биде држава во која достоинството на секое човечко суштество без оглед на национална, верска или друга припадност ќе се брани и ќе се одбрани. Тоа ќе биде наша најдобра надворешна политика.

Дозволете ми сега да се задржам на двата документи што се пред вас и да се обидам да ги коментирам. Станува збор за "Декларацијата за насоките за признавање нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз и ,,Декларацијата за Југославија".

Ако ја погледнете и ја следите Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз, гледате дека самиот наслов доволно јасно кажува за што всушност станува збор.

Да ги погледнеме условите.

1. Поставениот услов за критериумите за почитување на одредбите на Повелбата на ОН и на обврските пропишани со завршниот документ од Хелсинки и во Париската Повелба, посебно нагласувањето на прашањето на правната држава, демократијата и човековите права е апсолутно прифатлив принцип за Република Македонија.

Со Уставот на Републиката се прифатени нормите на меѓународното право како темелни вредности на уставниот поредок.

Исто така, со Декларацијата од 17 септември 1991 година како и онаа што сега треба да се усвои, Собранието на Република Македонија се изјаснува дека ги

прифаќа документите на ОН, завршниот документ на КЕБС во Хелсинки и Парискaта Повелба на нова Европа.

2. Гарантирањето на правата на националните и на етничките групи и малцинства во согласност со обврските преземени во рамките на КЕБС е прифатлив принцип за Република Македонија.

Со оглед на тоа што Уставот на Република Македонија има демократски концепт и во него се содржани одредби во врска со човековите права и правата на националните и етничките групи засновани на европските и мегународните стандарди во оваа област

3. Третиот услов исто така општо прифатлив принцип за Република Македонија е почитување на неповредливоста на сите граници кои може да бидат менувани само со мирољубиви средства и во заеднички договор. Основ за прифаќање на овој принцип е член 3 од Уставот. Исто така овој принцип е опфатен и во Декларацијата од 17 септември. Тоа би можело да се повтори и во оваа наша нова Декларација.

4. Тој принцип е прифатлив за прифаќање на сите обврски во однос на разоружувањето и нуклеарното вооружување, како и за безбедноста и регионалната стабилност што е интерес на Република Македонија.

Петтиот принцип од интерес за Република Македонија е прашањето на наследувањето на државите, во овој случај на Југославија, како и регионалните спорови да се решаваат со договор, вклучувајќи кога тоа е соодветно и по пат на арбитража. Овој принцип е содржан и во амандманот што го предложи Република Македонија на документот во Хаг.

Целината на Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз во основа ги изразува конструктивноста и прифатливиот приод на Европската заедница кон признавањето на нови држави во Европа. Особено е значајно што се реафирмира принципот на самоопределување, конституирањето на овие држави врз демократски основи преку устав, референдум, прифаќањето на меѓународните обврски и готовноста за соработка во мировниот процес по пат на преговори. Тука се мисли на Конференцијата во Хаг.

Ставовите во врска со непризнавањето на субјекти кои се резултат на агресија и дека ќе се земат предвид ефектите од признавањето на некоја држава кон нејзините соседи, се исто така логични и прифатливи.

ДЕНКО МАЛЕВСКИ ( продолжение)

Втората хартија која ја имате пред вас е Декларацијата за Југославија. Изјаснувањето што се бара во Декларацијата за Југославија се израз на досега манифестираниот интерес на Европската заедница да помогне во решавањето на споровите мегу републиките во Југославија. Позитивно е за Република Македонија што е заземен заеднички став на Европската заедница за признавање на сите југословенски републики врз основа на усвоени критериуми. Да го погледнеме првиот критериум.

Изјаснувањето за тоа дали сака да биде признаена како независна држава е изразено во референдумот од 8 септември 1991 година, Уставот на Република Македонија донесен на 17 ноември 1991 година, Декларацијата на Собранието на Република Македонија од 17 септември 1991 година и Писмото на претседателот на Републиката од 2 декември 1991 година. Со јасниот позитивен одговор во оваа Декларација на Собранието само би се потврдил континуитетот и трајноста во таа историска и актуелна определба на Републиката.

Вториот услов: Прифаќањето на сите обврски содржани во документот

за критериумите за признавање на нови држави во својата суштина значат потврда на нашата желба за самостојност. Со Декларацијата на Собранието на Република Македонија и формално ќе се изврши прифаќање на тој документ.

Четврто, Република Македонија го прифаќа Нацртот на документот на Хашката конференција, оценувајќи го како добра основа за водење преговори и дијалог, сметајќи со продолжување на Хашкиот процес и нужни подобрувања и допрецизирања на текстот на документот, во интерес на Република Македонија е прифаќање на овој став од Декларациј ата.

За признавање на нови држави, ги прифаќаме условите наведени во Нацрт документот на Хашката конференција, ги поддржуваме напорите на генералниот секретар на Советот за безбедност на Обединетите нации , го поддржуваме продолжувањето на конференцијата за Југославија и на крајот се обврзуваме и даваме цврсти уставни и политички гаранции дека немаме територијални претензии кон ниту една соседна земја, дека нема да спроведуваме непријателска пропаганда против било која соседна земја и дека нема да користиме назив под кој се подразбираат територијални претензии. Со тоа ке одговориме на сите прашања експлицитно, воедно до крај и со тоа се квалификуваме да влеземе во фазата на процесот на меѓународно признавање.

Госпоги и господа пратеници, патот до меѓународното признавање на Република Македонија е и ке биде тежок. Предложените документи од Европските министри се такви што треба да се поддржат, а Владата уште денес да ја пренесе вашата волја до претседателот на Министерскиот совет на Европската заедница господинот, Ханс Ван Дер Брук и на нашиот денешен гостин, претседателот на Хашката конференција Лордот Карингтон. Кога веќе зборуваме за гостинот од Англија има една англиска поговорка која би можела да ни служи како патоказ во оваа дебата. Таа гласи: "Лесно е да си полемичен, тешко е да си конструктивен". Предлагам да го одбереме тешкиот пат.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Отварам претрес.

Молам, кој бара збор?

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во целина го поддржувам излагањето на министерот за односи со странство, господинот Денко Малевски, со исклучок на делот во кој се обрати до пратениците на Собранието со госпоѓи и господа, заради тоа што ги занемари госпоѓиците.

Независно од тоа колку изгледа навидум излитена синтагмата за историски документи, историски заклучоци, историски одлуки итн., сепак мора да признаеме дека навистина живееме историски денови, дека сме оптоварени со огромни обврски, барем јас така се чувствувам. Верувам дека тоа чувство го делам со сите присутни во салата. Во моментот кога се наоѓаме на чекор од остварувањето на

историските стремежи на стотици генерации, огромна е нашата одговорност на сите нас кои директно учествуваме во донесувањето на одлуките кои што се надевам конечно ќе придонесат да се заокружи државно правниот статус на Репбулика Македонија и да се исполнат желбите на иљадници знајни и незнајни македонци кои ги положија своите животи за остварувањето на оваа желба. Земав збор во дебатата од следните причини.

Иако прв пат стапив во контакт со понудената Декларација која што е нешто видоизменета, на седницата на Комисијата за надворешна политика и сега со понудената Декларација, си земам за право со една изјава начелна дека сум спремен целосно да ја прифатам понудената Декларација, меѓутоа и изјава дека чувствувам потреба да го искажам своето мислење како јас ја замислував Декалрацијата со оглед на тоа што денес, како што рече и претседателот и уводничарот, расправаме по два документи од Европската заедница во кој што се бара во наш соодветен документ да се даде дециден одговор и создаде јасна слика за тоа во која мера одредени барања кои што се овде посочени се исполнети, во која мера се преземаат одредени обврски кои се испоставени во двата документи, за што во понудената Декларација можам да кажам дека скоро во целина се содржани одговорите, меѓутоа, не на начин на кој што ете јас замислив и си го земав правото да замислам како треба да изгледа тој наш документ.

Имено, како што е кажано и во воведното излагање, пред нас имаме два документи, Декларација за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскот сојуз и Вториот документ е Декларација за Југославија. И во двата документи се набележени некои обврски, кои што е потребно децидно да се декларираме дека ги преземаме во нашата Декларација, за да може нашиот одговор на тие два документи да одговори на барањата во документот од Европската заедница и ќе го посочам, без да ве задржувам подолго, само она што е најбитно од првиот документ, Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскот Сојуз, каде што се кажува дека се бара од сите тие кои што ке испоставаат барање за меѓународно признавање да почитуваат, да даваат гаранции, повторно да почитуваат, да прифатат соодветни обврски итн. и во вториот документ во кој што се кажува дека признавање ќе уследи за сите држави кои што ке прифатат, па ке прифатат, па ќе поддржат продолжување и тн.

Оттука, независно од тоа што на сите тие барања е одговорено во понуденот документ, сметам дека нашиот документ треба да содржи само три точки, во кој што првата секако треба да биде сосема јасно Декларација за она што ние го бараме од меѓународната заедница и заедно со преамбулата и првата точка во целина она што го предлагам се согласува со предложената Декларација.

Меѓутоа, понатаму предлагам Декларацијата да содржи само уште две точки, точка 2 и точка 3, со еден завршен пасус, став како што е дадено во понудената Декалрација. Сметам дека треба точно во вториот член така да го наречам, од нашата Декларација да се одговори што Македонија како обврски презема од обврските испоставени во Декларацијата за насоките за признавање на нови држави, а во третиот член точно да се каже што Макмедонија исполнува и што Македонија како суверена и независна држава прифаќа од Декларацијата за Југославија.

Затоа, прифакајќи ја преамбулата од Декларацијата и првата точка, предлагам втората точка да гласи онака како што треба да се даде одговор на

документот за насоките и третата точка како треба да се даде одговор на документот за Декларацијата за Југославија. Ке си земам за право да ја прочитам.

Покрај прифаќањето на преамбулата исто од Декларацијата и првата точка, втората точка според мене би требало да гласи:

1. "Република Македонија ги поддржува насоките" - со тоа се придружувам кон излагањето на господин Денко Малевски каде што кажа дека треба на две места јасно да кажеме дека го поддржуваме и едниот и другиот документ, а не само онака, расправајќи по тие два документи како што е наведено во Декларацијата, ги поддржуваме заедно сите елементи кои што се содржани во двата документи.

2. "Република Македонија ги поддржува Насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз, предложен од Министерскиот совет на ЕЗ, на состанокот одржан на 17 декември 1991 година и ги презема обврските за:

- почитување на одредбите на повелбата на ООН и обврските пропишани во финалниот документ во Хелсинки и во Париската повелба, особено од аспект на владеењето на законот, демократијата и човековите права;

- гаранциите за правата на етничките и националните групи и малцинства во согласност со обврските преземени во рамките на КЕБС;

- Почитување на неповредливоста на сите граници кои можат да се менуваат само со мирољубиви средства и во заеднички договор;

- Прифаќање на сите соодветни обврски во однос на разоружувањето и нуклеарното невооружување, како и за безбедност и регионална стабилност;

- Обврските да се решат со договор, вклучувајќи ја и арбитражата кога тоа ќе одговара, сите прашања кои се однесуваат на наследувањето на државата и регионалните спорови".

Со тоа јасно се декларираме дека ги прифаќаме овие обврски од документот за насоките за признавање на нови држави.

Во третата точка треба јасно да се каже дека ги исполнува условите од Декларацијата за Југославија и за тоа предлагам да гласи:

3. " Република Македонија ги исполнува условите за меѓународно признавање утврдени во Декларацијата за Југославија, донесена на состанокот на Европската заедница на 17 декември 1991 годинг прифаќајќи ги:

-обврските содржани во гореспоменатите насоки (кои што се дадени во точка 2) ;

- одредбите зацртани во конвенцијата на Хашката конференција за Југославија, особено оние од Глава II, за човековите права на националните и етничките групи;

- усилбите на генералниот секретар и Советот на безбедност на ООН за мирен расплет на југословенската криза, вклучувајќи го и упатувањето на мировните сили на ООН;

- Потребите од продолжувањето на Конференцијата за Југославија во која и понатаму ке соработуваме конструктивно, давајќи го својот придонес кон напорите на сите членки на Европската заедница за мирољубиво разрешување на југословенската криза и поддршка на Европските интеграциони процеси".

Последноит пасус завршува идентично како што е дадено во предложената Декларација.

Имав намера да испомогнам, не да создадам дополнителни проблеми, акмо се смета за потребно дел од овие предлози да влезат во нашата декларација, чиј што наслов го прифаќам - Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и самостојна држава, молам пратениците да ги прифатат. Ако се смета дека текстот кој што е понуден, кој што ги содржи сите тие точки меѓутоа не така децидно да се каже дека ги прифаќаме обврските од еднот и од другиот документ и ги посочуваме тие обврски, во тој случај спремен сум да го прифатам тој документ.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, прашањето за кое денес расправаме беше одамнешна желба во овој Парламент да се донесе таква Декларација со која Македонија ке беше прогласена како независна и самостојна држава. Ова прашање денес има по својата суштина и значење и политичко и економско и национално значење и бара целосен пристап во неговото разгледување. Тоа произлегува од фактот дека се работи за мошне егзистенцијално и чувствително прашање на нашиот живот и на севкупните општествено политички односи, сегашни и идни кои се рефлектираат во сите сегменти на општественото живеење во Македонија, што може да доведе до сериозни последици во поглед на мирот и безбедноста на границите а истовремено тоа е значајно и за изградбата на новиот рамноправен европски економски поредок. Тоа е нова Европа во годините што следат, Европа интегративна за сите што тоа го бараат.

Меѓународното признавање на Македонија треба да послужи како инструмент за позитивна трансформација на рамноправноста на националностите и нивното себепотврдување во сите сегменти на општественото живеење, во образованието, културата, историјата, информирањето, науката, органите на власта, употребата на јазикот итн.

Коегзистенцијата и кохезијата на меѓунационалните односи неминовно води кон демократизирање на Европските односи. Само така нема да име лимитирање и национални фрустрации. Признавањето на новите држави, а во тој контекст и на Македонија, значи интеграција на нови држави во Европската заедница, а во таа насока и пошироко институционално интегрирање на државите во заедницата, со што генерално се решава веќе долгорочната југословенска криза. Што е позитивно во сето ова? Според мене три се основни проблеми.

Прво, зголемувањето на бројот на независните и суверените држави и нивното пристапување во редовите на Европската заедница.

Второ, развојот на кооперативните односи, економски, научни, политички, културни и итн., кои произлегуваат од меѓусебната зависност и експлицитно поставени услови за нивно признавање.

Трето, извонреднот напредок на универзалните национални права, фунцирани на егзатност и политичка консеквентност.

Во основата на овие три проблеми за Македонија е значаен третиот проблем.Имено, готовноста на Македонија вистински и целосно да ги применува начелата на рамноправноста на националните колективитети и остварување на човечките права и слободи. За да се согледаат правите димензии на оваа квалификација на универзалните национални права, потребно е да се укаже на еден доста значаен фактор - промената на позицијата на албанците во Македонија, чии настојувања за рамноправност не успеа да се елаборираат во оној степен што тие го заслужиле.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (продолжение)

Сега повторно е моментот за корекција на тие односи во законите со кои ќе се конкретизираат уставните решенија и уставните норми. Заедничките интереси се обострано прифатливи. Индикатори на демократијата постојат , треба уште желба и готовност рамноправноста да се легализира во евроспки рамки. Овде додавам дека меѓунационалната рамноправност е едно од основните начела и на политичката унија, суштинска цел кон која се стремат европските земји.

Овие воведни забелешки беа неопходни за да можеме да се приближиме кон нашата основна тема, а тоа е односот кон Декларацијата на европската заедница која секако исполнува услови за нивно прифаќање.

Декларацијата, во суштина, изразува односи на три концентрични кругови: држава, европска заедница и човештовото. Европската заедница всуштност се јавува како центар кој воспоставува баланс мегу државите и човештвото во формирањето на новите односи. Всушнсот со формирањето на новите односи, една нова филозовија од која произлегуваат барањата за почитување на историската и конкретната реалност, а тоа е субјективитетот на секоја националност и заштитата на нивниот идентитет придонесува за унапредување на внатрешните односи и општ напредок во рамките на своите граници и сопственото трансформирање. И оваа Декларација на ЕЗ ја гледаме од аспект на сопствениот интерес неконфронтирајки се со севкупните интреси и интересите на соседите.

Во актуелнито миг на мегународното признавање на Република Македонија ЕЗ треба да поага од универзалниот карактер на поврзаноста и меѓ-узависноста на државата од мултинационалниот состав за што осамостојувањето е волја на човекот , на граѓанинот. Во овој контекст сметам дека три прашања се основни за оваа проблематика.

Прво, каков е придонесот на ЕЗ кон рамноправноста на националаностите конкретно во Македонија кои се н ужен елемент за конституирање на нови односи, за што министерот за односи со странство даде широко образложение и елаборација.

Второ, колкав е придонесот на ЕЗ кон прогресивниот развој на државата, на демократските односи до оневозможување на примената на политичката сила, хегемонистичко поставување и донесување.

Трето, дали постојат некои демократски механизми во ЕЗ за обезбедување гаранција за рамноправност на сите националности, односно како да се заштити нивниот интерес, идентитет итн.

Овие прашања ги поставувам од причина што се создава нова констелација на политички односи во кој националниот интерес ни најмалку се губи. Покрај нашиот позивитен однос спрема овие прашања сепак мора да признаеме помалку не прави скептик кој е детерминиран од главниот поглед. Плуралниот поглед на нештата создава можнсот за поголеми оптимистички гледања спрема гаранциите. Политичките носители на ваквата историска преобразба во прв ред ЕЗ поагаат од фактот дека државата превасходно е средина која внатрешно не е затворена, а која тргнува од тезата за човечката мотивација низ една колективна комуникација на човештвото, но прашање е каква е таа комуникација. Субординарна, комплементарна, унилатерална, билатерална, мултилатерална и слично на ова. ЕЗ според овие декларации тргнува од две линии, релевантни за нас.

Првата е син теза на она што е денеска најафирмирано во политичките односи и

Второ, отворање на еден простор и создавање на една нужна свест како полесно и побрзо да се совладува политичката тензија и политичката криза.

Декларацијата на ЕЗ за некои е нужност, а за другите акт без преседан. За едни таа е пат за нивно разрешување на југослвоенската криза, а за другите продлабочување на кризата. За едни е враќање на мирот, а за другите ескалација на војна.

Мојот заклучок визави гореизнесеното е дека суштината на признавањето на Македонија е фактички, а направеното тоа да биде афримирано како таква е конкретен чекор што следи.

Резимето на искажаната желба ќе се направи скоро. Впрочем, мегународното признавање на Македонија е логичен сплет на работите и ние треба да ја прифатиме со сите предлози кои овде беа презентирани и кои се изнесоа во вид на амандман посебно на точката 3 од Декларацијата за Југославија која се залагам да биде инкорпорирана така како што е внесена во самата Декларација, а тоа гласи "ги прифаќаат одредбите зацртани во Нацрт-конвенцијата посебно во глава II за човековите права и права на националните етнички групи која сега ја разгледува конференцијата за Југославија која во Предлог декларацијата на Парламентот е видоизменета и не ја одразува онаа суштина што ја има овде.

Ви благодарам на вниманието.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Насер Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, дами и господа,

Поддржувајќи го излагањето на министерот за надворешни работи на Република Македонија иако со одредени поинакви гледања во некои сегменти по некое прашање, дозволете ми и јас да ги изнесам моите видувања по однос на оваа проблематика.

По се изгледа дека Европа и Светот најпосле сватија дека проблемот околу разрешувањето на ЈУ кризата треба да се гледа во сета негова комплексност и како таков треба да се разрешува.

Впрочем , ова беше дамнешна заложба на Републичкиот Парламент и претседателот на Република Македонија, затоа одлуката на министрите на ЕЗ за прашањето на признавањето на Републиките се разгледува во пакет е потег за поздравување и поддржување.

Од информациите што доаѓаат и ставовите што ги зазема Хашката конференција и ЕЗ станува јасно дека овие институции многу добро го познаваат проблемот од сферата на меѓунационалните односи и положбата на етничките односно националните групи. Оттука нивната заложба за трајно решавање на овој проблем со меѓународна контрола посебни права и самостојно одлучување било по пат на прогласување на специјални статуси или автономии.

Република Македонија треба да ги вложи сите напори кои се во нејзина можност и надлежност што поуспешно да ги исполнува условите кои ги поставуваат овие меѓународни инстуции со што ќе ја подобри нејзината положба во меѓународни рамки и што поскоро во пакет заедно со Словенија, Хрватска и другите републики да биде признатa како независна и суверена држава. Секако ваквиот чин ке претставува клучен момент и кон дефинитивното разрешување на југословенската криза. Досегашното делување на внатрешен и надворешен план на Република Македонија беше мошне претпазливо умерено, но во исто време високо котирано во мегународни рамки што значи дека Република Македонија и понатаму треба да продолжи со ваквата, пред се мирољубива политика на надворешен план, но и политика на мегунационална рамноправност и градење на стабилни односи внатре во Републиката.

Сметам дека Македонија во некои сегменти не само дека ги исполнува условите поставени од заедницата, туку се наоѓа во позавидна положба од другите републики како по однос на доенсувањето односно недонесувањето на едностраните акти, внатрешната стабилност, конкретната заложба за мирно разрешвуање на ЈУ кризата итн. Меѓутоа, Републиката заостанува во сегментот на гаранцитие на националните и граганските права на националните групи во однос на другите републики во Југославија. Токму ова прашње е еден од основните услови за признавање на републиктие како независни држави. Впрочем како и некојд други услови псотавени од ЕЗ и Хашката конференција.

Заговорот дека Уставот на Република Македонија е доволна рамка за обезбедувањ една ваквата рамноправност мислам дека не држи. од причини што почнувајќи од преамбулата, членовите 7, 48, 69 итн овие права ги ограничува, ги стеснува, а да не зборуваме за нивноито практично остварување поготово во сегментот на образованието информирањето, културата, јазикот, претставувњето, вработеноста и другите сфери, што се во незавидна положба односно се под нивото од стандардите што ги бара ЕЗ и Хашката конференција.

Впрочем, Република Хрватска донесе устав кој во некој сегменти ги надминува решенијата на на нашиот Устав. Само да потсетам во Хрватскиот Устав дури има одредби со кои се гарантира правото на автономија, а непосредно по донесувањето на Уставот донесе и декларација за рамноправност на српскиот народ со хрватскиот со кој непосредно се гарантира автономијата на српскиот народ во Хрватска. Но, и покрај тоа што ги донесе сите овие одлуки по ставовите на Хашката конференција и ставовите на ЕЗ, Република Храватска овие денови донесе посебен уставен закон со кој гарантирањето на правата на српскиот народ се ставаат во духот на одредбите на специјален статус со што република Хрватска формално правно ги исполни барањата на мегународната заедница.

Република Македонија во овие сегменти заостанува но не само тоа. Пред некое време како што знаете, беше доставена Декларација на пратеничката група на ПДП за рамноправноста на албанците во Македонија. И што се случи? Истата беше одбиена а само да потсетам во случај да се прифатеше оваа Декларација денес Македонија ќе имаше добар капитал во смисла на гарантирањето на правата на националните групи пред Хашката конференција и ЕЗ. Но, за жал, истата од тесноградни причини се отфрли, а потоа со новиот Устав да останеме и понатаму незадоволни од причини што се ограничува правото на образование на свој мајчин јазик, не се гарантира до крај правото на употреба на мајчиниот јазик како службен, не се гарантира употребата на националните симболи итн. Ова, впрочем, претставува уште еден контра удар во сопствената политика и контра сопствените интереси. Оттука, не случајно, денешната голема заинтересираност на разните институции за содржината на Уставот на Република Македонија токму во сферата на гаранциите на правата на националностите.

На крај третиот погрешен, спроед мене, потез на некои сили на македонската политика на овој план е последното обраќање на Министерството за информации до некои институции во Републиката за демаскирање на божемната невистина во Меморандумот на Пратеничката гурпа на ПДП до Хашката конференција за признавање на специјален статус на албанците во Македонија.

Во обраќањето кое е потпишано од минстерот Тренески се констатира дека во меморандумот двете партии ПДП и НДП се служат со невистини. Да ве потсетам дека во меморандумот се зборува за проблемите на образованието, информирањето, процесот на изборите итн.

Го прашувам министерот дали е вистина дека во Скопје има 28 средни училишта во кои наставата се изведува на македонски јазик а Албанците едно училиште со 4 парапелки и 2-3 други паралелки во Железара.

Дали е вистина дека ние немаме право да ги употребуваме националните симболи?

Дали е вистина дека во Македонија излегуваат 3 дневни весници на македонски јазик, а само еден албански кој изелгува само 3 пати неделно и

Дали е вистина дека македонската радио телевизија емитува 3 програми на македоснки јазик со над 30 часа програма, а само 20 минити на албански и тоа не сите денови во неделата.

Дали е вистина дека изборните единици каде се гласаа пратениците албанци се составени со над 17 илјади избирачи и дали е вистина дека во Тетово и Гостивар се суспендирани изборните резултати?

Ова се факти, а не лаги господине министре, а вие имате време и понатаму вистините да ги претворате во невистини.

Македонија дури треба да биде презадоволна кога и во ваква политика некогаш се спомнува за потенцијален кандидат за признавање. Македонија дури не треба да се зачудува кога ретко се спомнува заедно со Словенија и Хрватска кога се знае каква политика се води и нека не се осмелува министерот да не заплашува дека ке преземе мерки против нашата активност внатре и во меѓународни рамки затоа што нашата активност е во рамките во тоа што е рамноправност и право што ја прознава светската и европската јавност и не случајно не поддржуваат. Нека не не заплашува затоа што тој кој на тоа се повикува е министер, а ние сме пратеници, тој одговара пред нас, а не ние пред него.

Ваква, па и поинтензивна активност ние и понатаму ќе водиме се додека не се оствари потполната рамноправнсот на Албанците и другите националности во Македонија.

Минстерството за информации, Владата и сите други фактори не треба да се плашат од нашите заложби за рамноправност и барањето на правата кои ги гарантираат меѓународните институции да важат и за нас во Македонија. Напротив, треба да се плашат тогаш кога разрешувањето на нашите проблеми ќе го гледавме во некоја друга опција надвор од Македонија. Ние тоа не го бараме зашто сметаме дека се уште има шанса пред проблемтие што ги разрешуваме овде во Македонија да се чувствуваме рамноправни, Македонија да биде и наша држава. Тоа е во наш интерес, во интерес на македонскиот и цела Македонија. Ако е така, а јас сум убеден дека е така, тогаш Република Македонија треба да ги направи сите напори што е можно на повисоко ниво и да ги исполни овие обврски кон меѓународната јавност, Хашакта конференција и Европската заедница за да што поуспешно биде призната, што постабилна и поцврста внатре.

Затоа предлагам да се донесе еден заклучок со обврска на Парламентот да во најкус рок што значи пред истекот на рокот даден од Заедницата да се донесе уставен закон со кој ке се гарантира рамноправноста на Албанците и другите националности во Македонија, однсно закон со кој ќе се гарантира прифаќањето на условите од Хашката конференција во областа на правата на националните групи. Ова е потреба пред се во интерес на Македонија и на сите нас.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, денешната седница на нашиот Парламент не можам и не сакам да ја ставам во прилог на тоа дали некој има поголеми или помали права, дали некому нешто му е одземено.

За мене денешнава седница е повеќе во смисла на одговор на прашањето да се биде, или не, односно дали сево ова што досега овој Парламент, Владата, господинот претседател на Републиката и членот на Претседателството го работеа ќе му дадеме една конкретна завршница. Ако сакаме да имаме држава, а сето тоа зборуваше во прилог на одење кон тоа, ако сите подеднакво ја сакаме таа држава ако сите се чуствуваме како граѓани на оваа држава, мислам дека одговорот не може да биде поинаков освен, да се биде. Досегашната работа на овој Парламент, ако се обидам да направам една паралела преку студискиот систем кој е застапен во оваа држава, односно ако се обидам да

направам паралела што значи влегување во една
селектирана средина, односно во средина на веќе меѓународно признаени држави, тогаш приемниот испит кој што беше проследен преку референдумот, македонскиот народ и сите граѓани во неа успешно го положија со тоа што се изјаснија за самостојна и независна Македонија во еден број кој што беше повеќе од 90%. Завршниот испит на тоа студирање би го нарекла беше макотрпната работа околу донесувањето на еден граѓански устав кој што ни приреди на сите нас можеби проблеми околу неговото изјаснување,меѓутоа, кој што не вброи во групата на држави кои што имаат граѓански устав со голем број на слободи и права застапени во него. Денешнава седница не ја сваќам никако поинаку освен повеќе од декларативно формален карактер, што значи
одбрана на тој завршен испит, односно седница во која што преку носењето на декларацијата која што целосно ја прифаќам ќе ни овозможи и да некој кој што е во состојба тоа нешто да го оценува, а тоа е давањето на меѓународен легитимитет ,и субјективитет на оваа држава само го оцени. Оценката дали ќе биде 6, односно 10 бидејќи кај нас се уште постојат тие оценки на признавање, за мене воопшто не е дискутабилна. Проблемот помеѓу 5 и 6 Македонија успешно го положи. Можеби постојат држави кои што во системот на цивилизациските норми би рекла, меѓутоа и во системот на признавањето на одредени права и обврски кон државите отишле многу понапред од нас. Меѓутоа, она што денеска Македонија го нуди на сите граѓани кои што живеат во Македонија е еден нужен оптимум кој на нас ни овозможува пред се добивање на меѓународен субјективитет, меѓутоа ни овозможува и да имаме наша држава, да имаме еден парламент во кој што ќе можеме понатаму да работиме на подобрување на меѓуапртиските односи, на подобрување на се она што денеска го имаме и кое што сакаме понатаму да биде на едно повисоко ниво.

Ке заокружам само со тоа дека седницава повеќе онака како што почнав ја сваќам во декларативен карактер, односно во подобрување на текстот на Декларацијата, а не и никако во друг смер.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници, сакам да изразам поддршка на Декларацијата за меѓународно признавање на самостојноста и независноста на Република Македонија во името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Пратеничката група на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство во својата партиска програма како и во сите досегашни заложби се определи за суверена и самостојна Република Македонија. Со Декларацијата за сувереност, Референдумот од 8 септември и усвојувањето на новиот устав укажуваат на променетата положба на Република Македонија како самостојна држава чиј што Парламент се заложи за разрешување на југословенската криза по мирен и демократски пат со политики средства по пат на преговори. Република Македонија што е и определба на нашата партија се определи за склучување на сојуз од сите шест републики доколку постои расположение кај сите останати републики за формирање на конфедерација или пак ако тоа не е можно, за создавање на независна македонска држава. Но, текот на настаните, меѓунационалната војна која што се води помеѓу Република Хрватска и Република Србија при што Србија упорно ја застапува тезата дека српската држава се распростира се до  таму до каде што живее српскиот народ, со тоа без оглед на висо-ката цена од многу човечки животи, материјални штети Србија настојува со

помош на бившата ЈНА, сега веќе српска армија да ги оствари територијалните претензии кон другите републики. Многубројните обиди на светската и на европската демократска јавност да ја спречат српската агресија, да посредуваат за мирно разрешување на спорните прашања досега не покажаа забележителни резултати што не значи дека треба да се откажеме од обидите на Хашката мировна конференција и на Обединетите Нации да посредуваат за раздружување по мирен пат. Неспорно е правото на народите на самоопределување и слобода на волјата народите да одлучуваат дали ќе живеат во самостојна држава или во заедница со други држави. Тоа го потврдуваат и меѓународните конвенции. Оттаму сосема легитимни се одлуките на легално избраните органи на Република Словенија, Република Хрватска и Република Македонија да живеат во сопствени и независни држави. Ставот на овој Парламент беше, е, дека доколку не постојат услови за создавање на конфедерација од 6 републики, Република Македонија да се конституира како самостојна и независна држава. Ваквиот став на Македонија е поткрепен и со дефиницијата на Република Македонија во новиот устав како суверена и самостојна држава. Неопходно е Македонија да побара од меѓународната заедница признавање на независноста на македонската држава. ВМРО-ДПМНЕ свесна дека за тоа е неопходно интензивирање на државните активности пред меѓународните форуми и странските влади својот меѓународно правен субјективитет Македонија ќе може да го обезбеди со отворање на свои самостојни македонски надворешно политички претставништва во најзначајните светски и европски центри, како и во другите од значење за Република Македонија земји кои по признавање на македонската држава ќе прераснат во нејзини дипломатско конзуларни претствништва. Во Република Македонија започнат е процесот на демократизацијата со укинувањето на еднопартискиот систем и воспоставување на повеќепартискиот и на парламентарната демократија. Стремежот за демократизација е присутен и во нормативните акти во Уставот на Република Македонија кој е ослободен од идеолошки баласт со кој Република Македонија се воспоставува како демократска правна држава во која граѓаните ги уживаат поддеднакво слободите и правата без разлика на националната, верската, полова, и расна припадност. Факт е дека покрај овој стремеж за демократизација имаме и рецидиви од минатото кои се манифестираат во стремежот за концентрација на моќ власт во рацете на поединци и обиди за манипулација на демократските институции, монопол на средствата за информирање од страна на поединци и на една до две политички партии. Но, се надеваме дека овие први, не многу вешти чекори на демократизацијата не треба заради својата спорост да бидат сопрени. Напротив што се однесува до правата на малцинствата сметаме дека имаме висок стандард на малцински права за што правна основа е новиот устав на Република Македонија. Исто така, определбата на ВМРО-ДПМНЕ е дека менувањето на границите со соседите е можно само ако за тоа постои взаемен интерес и тоа е исклучиво по пат на преговори. Ние сме за почитување на завршниот документ на КЕБС за неменување на границите во Европа при што со Уставот се утврдени границите на Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ местото на независна Македонија го гледа во Европскиот економски политички, културен и друг простор при што усвојувањето на европските стандарди и норми можат на Македонија да и обезбедат богатство на духовниот и материјалниот живот. Исто така. се противиме на политиката на конфронтации и заострување на односите со соседите. Меѓутоа, ВМРО енергично ја осудува политиката на непризнавање, асимилација и денационализација на македонците во соседните земји, на негирањето на македонскиот народ и македонската државност како и присвојувањето на македонското историско и културно наследство. ВМРО се залага за активно вклучување на Република Македонија во јакнењето и

проширувањето на билатералната и мултилатералната соработка помеѓу балканските земји. Сите форми на политичка, економска и културна соработка ги поддржуваме како прилог на продлабочување на балканската соработка. Цениме дека е неопходно јакнењето на регионалната соработка на Република Македонија со сите региони во Европа и барањето на нови можности за нејзино проширување и продлабочување. Во таа смисла посебно го поддржуваме развојот на соработката помеѓу балканските и средоземните држави. ВМРО ги поддржува иницијативите на КЕБС за демилитаризација и денуклеаризација на Балканот и Европа како и сите други меѓународни иницијативи кои придонесуваат за разоружувањето, денуклеаризацијата и јакнењето на меѓународната доверба и безбедност. Република Македонија се изјасни како Република дека е една од правните наследнички на бившата СФРЈ, а прашањето за наследството треба да го реши меѓунардоната арбитражна комисија. БМРО како демократска партија и натаму ги поддржува напорите на генералниот секретар на Советот за безбедност на ОН за миројубив исход на кризата, како и посредувањето на мировната конференција во ХАГ.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ќе настојувам да не должам многу,иако тука беа изнесени тврдењата дека оваа седница има декларативен и формален карактер. Јас го мислам спротивното бидејќи кога се работи за суштествени прашања не може ниедна седница да има декларативен и формален карактер туку суштински и работен карактер. Во најголемиот дел од излагањето на министерот за односи со странство се сложувам, меѓутоа не се сложувам со неговото тврдење дека во Македонија треба да изградиме односи на давање и примање, бидејќи односите на давање и примање се односи меѓу нерамноправните, а со една таква политика на нерамноправните сигурно дека ниту европската заедница ниту министерскиот совет не може да не прифати како држава. Потоа министерот многу долго зборуваше за граѓанските права занемарувајќи ги и националните права што треба да ги уживаат сите во Република Македонија и се заложи по прашањата на Европската заедница и министерскиот совет да даваме експлицитни одговори што јас сметам дека во текстот на декларацијата, на предлог декларацијата сега што е не се дадени експлицитни одговори, туку половични одговори. Имено, даден е само делумен одговор на едно прашање.

Второ, би сакал да изразам една моја резерва во поглед на писмото на нашиот ценет претседател на Републиката испратено до сите европски земји каде ценетиот претседател се заложува Македонија да се прими како независна, самостојна држава. Треба да истакнеме и тоа дека и во нашата програма се залагаме, имаме зацртано дека Македонија треба да б и д е и ја прифаќаме како независна и самостојна. Меѓутоа, содржината на некои реченици не би ги прифатил бидејќи во писмото претседателот зборува само за мнозински народ дека тоа во Македонија е македонскиот народ, а не ги именува другите што живеат во Македонија. Зборува дека во Македонија официјалниот јазик е македонскиот јазик, а не истакнува и кој друг јазик се зборува во Македонија што сметам дека асоцира на тоа за признавање на Македонија како национална држава на македонскиот народ, а тоа е во спротивност со одредбите на нашиот пола граѓански, пола национален устав. Зборува за учество на националностите во политичкиот и економскиот живот, меѓутоа, не се истакнува тој процент колку

е, а како што знаеме тој процент досега е сосема минимален, бидејќи од околу 100 членови на Владата почнувајќи од министри, заменици на министри, секретари, потсекретари само тројца има албанци. Ми се чини дека нема турчин, ром и така натаму. Се залагам за тоа на една од наредните седници на ова Собрание да се постави и да се разгледа меморандумот на Пратеничката група на ПДП бидејќи со содржината на тој меморандум се манипулира во јавноста, дури се вели дека има еродивен карактер за Македонија што не е точно, а другата невистина е што авторот на циркуларното писмо вели дека е тоа меморандум на политичките партии, а во текстот пишува дека тоа е меморандум на пратеничка група. Според тоа, министерот не е надлежен да го суспендира Парламентот. Во неговото писмо тој отворено го суспендира парламентот. Никако не би можел да се сложам и тука индикативно и сакам од другите пратеници особено македонци да се изјаснат околу формулацијата. ВМРО смета дека границите со соседните земји можат да се менуваат само по пат на преговори. Ова сакам тука децидно да се елаборира и авторот на овој текст да каже со која соседна земја тој асоцира, сака да асоцира и кој ќе биде задолжен да води такви преговори во Македонија и на кое име. СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам пауза од 30 минути.

(По паузата)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Дами и господа, известен сум истовремено и должен сум да ви ја пренесам тажната вест дека на службен пат за Белград, во тешка сообраќајна несреќа животот го загубил министерот за внатрешни работи господинот Јордан Мијалков.

Предлагам со едноминутно молчење да му оддадеме почит на господинот Мијалков. (Слава му).

Да минеме на нашите натамошни обврски да се обидеме денешната наша извонредно важна задача на достојанствен и одго-ворен начин да ја приведеме кон крај. Да продолжиме со работа.

Молам, дали некој бара збор?

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Како пратеник од ВМРО-Демократска партија сакам да се приклучам кон општото изразено прифаќање на двата документа и Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа Советскиот Сојуз, како и Декларацијата за Југославија.

Република Македонија веќе г исполнува сите наведени услови во двата документа, од тие причини, сметаме во оваа демократска партија дека нема потреба од додатни напори и активности, како дополнително убедување на Европа во нашата искреност на прифаќањето на тие документи. Исто така не сум да се проширува документот, како што беше тука искажано со таксативно набројува-ње на обврските, а во контекст на претходно реченото, посебно сакам да обрнам внимание дека Република Македонија и сега е држава и беше држава и треба пообјективно, без многу драматизирање

мирно да ја прифатиме оваа ситуација кога се наоѓаме пред реализирање на ветените стремежи на македонскиот народ, за да не се направи нешто во грч погрешно во редоследот, или да не пропуштиме некои активности.

Од тие причини, добро е што овој пат барањата за признавање на меѓународниот субјективитет на Македонија, произлегува точно во Парламентот каде му е местото. Лично се залагам за тоа вака донесената одлука во македонскиот Парламент истата и се операционализира, преку исто легитимна институција како што е македонската Влада. За да не ни се случи од некои причини заради формата или начинот Европа да не ги знае нашите желби. Исто така би свртел внимание дека овде денеска пред нас пратениците во македонскиот Парламент, на што имаме право, треба до крај да ни бидат искажани сите важни факти кои што во нарендите денови треба да донесат со официјално прифаќање на барањето, што го под-разбира начинот, поддршката преку дипломатијата или на друг начин активирање на македонското лоби во светот, во секој случај и една гаранција дека вон секакво сомневање е начинот и формата на кои што нашето барање ќе дојде до Европа и дека ќе имаме повторна информација, барем ден два преку одлуката дека се е во ред. Тоа што Европа направи позитивен пресврт по приодот по признавањето на сувереноста и независноста, односно меѓународното признавање на досегашните југословенски републики, односно нејзиното откажување од селективниот пристап, сметам дека е израз и нормално да се очекува на професионалноста и доброто умеење на нивните аналитичари да сфатат дека без независна и суверена Македонија нема мир на Балканот. А не е толку израз на некое моментално лоби или на нашите настојувања, ние мораме објективно нашата позиција да ја оценуваме во европските процеси. Значи Македонија има историски факти, едно историско памтење на кое што ние можеме да потсетуваме како што исто така сегашно политички актуелен адут е она што се го имаме направено како што кажав, е одговор на сите барања содржани во документот.Она што сакам посебно и затоа излегов да се искажам, бидејќи тоа денеска во Парламентот се очекува да се направи од сите политички партии кои што на некој начин учествуваат или во власта или претставуваат некои политички фактор во Македонија и заради иднината и нивната идна позиција во Македонија е тоа дека ВМРО-Демократска партија Македонија ја гледа во иднина кога ќе ја стекне и доживее таа меѓународна призната позиција како пиемонт на мини европска интеграција, па од таа причина нема зошто соседите да се чувствуваат загрозени. Исто така во поглед на безбедноста и одбраната нашата Партија пред се се ослонува на колективните механизми за безбедност во Европа и затоа на крај би замолил дека не држи денес во ваков и свечен и одговорен историски момент за Република Македонија да се губи нивото и да се настапува со некои провокации заради тоа што мислам дека сите граѓани во Македонија, како ретко каде и оние што не се Македонци, припадници на малцинствата ги уживаат правата на кои што може да им позавиди било кој кое малцинство, баш во развиените демократски земји.

ФАИК АБДИ:

Почитуван господин претседателе, почитувани дами и господо пратеници. Овде за што денеска расправаме мислам дека за мене како човек и за мојата партија, како и за сите граѓани во Македонија е од огромно историско значење и јас овде сакам да кажам дека се она за што се залагавме полека се остварува и добро е што на референдум излеговме со една реченица, со еден дел од таму каде што кажавме дека ќе работиме и натаму на одржување на идната Југославија, што морам да кажам дека многу граѓани за тоа се определија за референдум, знаејќи дека еден ден ќе дојде до разговори на оваа тема, а тоа го сака од нас и Европа, морам да речам една многу важна работа што ќе беше ако се прифатеја амандманите од ВМРО-ДПМНЕ, за бришење на националностите, сигурно ќе се вратевме назад со многу работи, тоа нека биде школо и поука дека без решавање на меѓунационалните односи, без решавање на правата на човекот и граѓанинот за образование, воспитување, култура, јазик и т.н. не може да се појде во понатамошна расправа, тоа беше едно големо дело што го направи овој Парламент и мислам дека една од битните елементи внатре во базата на Европа е токму тој момент.

Пред два дена и јас имав контакти со претставниците од Хаг по упатство на господинот претседател на Република Македонија Киро Глигоров. Не знаевме за таква средба. На долго и на широко расправавме, па беше поставено прашање дали очекувате дека треба да се остварат тие права според Уставот. Со закон ние сме за тоа. Дали сега треба да чекаме да се остварат правата, па после да дигнеме рака за некој документ со кој ќе добиеме, односно ќе бараме самостојност. Мислам дека нема да биде фер ако чекаме на тоа. Заради тоа треба со огромен респект да гледаме во очите на сите, да веруваме во тоа што го имаме во нашиот Устав, во нашите искажувања и овде во Парламентот и меѓу граѓаните на Република Македонија, верувајќи дека лека полека постапно ќе се остваруваат правата онака како што се зацртани во нашиот Устав и законите што ги донесовме за остварување на тие наши специфични права на националностите и во името на Ромите од Македонија кажувам дека ова што е сега пред нас како документ ние имавме документ во нашата партија, го разгледавме, многу сме радосни на ова со двете раце кога јас би требало да потпишам, со двете раце би потпишал за самостојна Македонија и понатаму она што рековме за една врста Југославија, би рекол дека тоа требе да биде обврска на нашето раководство на Република Македонија за тие четири минимум функции за општење со Југославија. Прифаќајќи го овој документ ваков каков што е овде даден со изјаснувањето на господинот министер за надворешни работи, на тие поединости, мислам дека Македонија ќе биде примена во друштвото на народите во Европа, а тоа ќе значи многу за нас, тоа ќе значи за нашите идни генерации. Ова во никој случај не смее да се смета дека само декларативно треба да кажеме за тоа што претходно кажавме се. Сепак и денеска овој ден е историски.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Јас мислам дека и овој пат овој Парламент ќе ја покаже својата големина, својот висок рејтинг, ќе покаже дека уште еднаш овој Парламент се води една висока дипломатија и дека неговите одлуки се во насока и во служба на народот кој го избрал овој Парламент.

Јас ги уважувам сите мислења што беа тука искажани и сум таков човек

секој пат да можам да ги сослушам и различните мислења, па дури и оние кои не се совпаѓаат со моите мислења и мислам дека и ние досега низ многубројните вакви расправии и низ различните мислења што ги имавме го градевме тоа единство и богатство на резултати од таквите идеи и не би требало тоа да ни претставува некои отежувачки околности, или некои проблеми и воглавno се совпаѓаат сите наши настојувања и наши стремежи и цели, нема човек овде кој воглавно не му е истата цел за која што сите се стремиме овде. Не може да се каже дека не се во право и оние кои што зборуваат дека нема доволно демократија, слобода и права и т.н., затоа што тие категории не се мерливи. Никој пат слободата и правата не се добиваат. Има учени луѓе кои кажуваат дека постоеле акти, устав, закони и т.н. кои биле многу демократски. Меѓу другите и Уставот на Советскиот сојуз по кој работел и познатиот Сталин. Ги знаеме ние ефектите од таквите акти. Не е доволно да се има само устав, не е доволно да се има само закони, тоа е основната претпоставка, меѓутоа, важно е како ќе се спроведуваат тие акти во животот, а тоа се зависи од нас, како ние ќе ги градиме односите меѓу себе, како тие односи ќе се развиваат меѓу нас. Тие односи зависат како ние ќе ги оформуваме овде во Парламентот, во животот, меѓу народот и т.н. Дали таа демократија ќе заживее со полн интензитет или нема да заживее, ќе зависи од нас, од нашето однесување. Ние сега имаме бреме на една проверка. Пред се мораме како граѓани, како луѓе да бидеме демократи, а за тоа ни треба и време, за тоа ни треба и еден период во кој што и ние треба да се прилагодиме, кој и ние треба да го сфатиме и не може за една ноќ, за еден ден да се разрешат такви многубројни проблеми. Према тоа, тоа што ние настојуваме да внесеме големи права, слободи, демократија, не мислам тука само на националностите, туку и на граѓаните, тоа не може да се направи преку ноќ, ние треба да бидеме стрпливи тоа времето да го чини, а времето ќе го чини низ многу процеси и низ развојот на нашите економски односи, низ развојот на економијата, на бизнисот кога луѓето ќе се зафатат со решаваше на тие животни потреби, многу од овие аспирации, апетити, размислуваша и т.н. сами по себе ќе се изгубат, затоа што животот, потребите од тој живот, егзистенцијата ќе ги приближи и ќе ги доближи луѓето. Према тоа, мислам дека ние како што по многу прашања до сега постигнувавме единство и доаѓаше свеста до израз и по прашање на Платформата и Декларацијата и по прашањето на Уставот и т.н, и по ова прашање треба да постигнеме еден консензус и овој акт ако нешто претставува воопшто во односите кои што треба да се формираат во Европа, ние во таа насока треба да донесеме едногласна одлука. Тоа не значи дека нас утре Европа ако тоа го донесеме ќе не признае. По мое длабоко убедување тој процес ќе трае, ќе има уште многу проблеми, но ние со своето однесување тој процес не треба да го отежнуваме. И во вакви моменти не треба сега да се обидуваме да формираме реитинг, разни реитинзи било на која партија, туку многу паметно да дојде до израз мудроста и ние со своето однесување да се приближиме кон решавањето на овие проблеми, кои што се многу сложени, затоа што и нашето заокружување е многу сложено. Ние имаме околу себе земји мали, но со големи апетити, со големи воинствени апетити, така да кажам и ние сега во оваа ситуација сме такви кога треба максимум нешто да постигнеме, а постигнавме многу со една политика која што досега ја водевме и да не настојуваме во едни вакви моменти да ги усложнуваме проблемите, туку сите во тој поглед имаме свои интереси, затоа што ако сите тие интереси не ни се поклопуваат, тогаш и ефектите од сето ова што овде се договараме не се заеднички, а во овој случај тие и те како се заеднички. И те како почиваат на една логика, на еден разум и за сите тие ефекти се од големо значење, јас мислам дека овде седат паметни луѓе, што не треба многу да се елаборира околу тоа и би предложил ние сега без реплики, расправии, рејтинзи и т.н. ги усвоиме овие декларации како се предложени. Тие во себе содржат цела логика, целата онаа што сепак треба да содржат, без многу промени, иако

имаше тука и некои предлози кои имаат своја смисла и така натаму, меѓутоа и вака како се предложени ќе имаат и висока содржина и висока логика и висок разум и ги задоволуваат сите наши потреби и во тој правец би предложил да ние гласаме, ги усвоиме, и нашите извршни органи исто така понатаму ги пласираат во Европа, во светот ние да не бидеме со своето однесување и со својот разум причина некој тоа да го користи за други цели.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Денеска имаме специјална седница наменета за донесување на одлука дали ќе поднесеме последно и прво практично барање за признавање на самостојна независна суверена држава Македонија и тоа за признавање од страна на другите држави. Место да се забавиме со ова прашање и да донесеме едногласна одлука околу тоа ние почнавме да држиме предавања околу тоа кој колку добил од работата на Парламентот и колку изгубил. Практично останавме глуви на задачата која стои пред нас. Досега било како да е се преземени постапки од страна на претседателот на Републиката и Владата да се Република Македонија како држава, по право да се покрене постапка за нејзино меѓународно признавање. Ова е момент према тоа треба да го расправиме а не дали некој добил нешто или не. Говориме за држава Македонија а не за партиски натпреварувања. Па сметам и сум уверен длабоко да во овој момент прекинеме овие наши натпреварувања сме или не сме туку да кажеме едно само. Дали да прифатиме онаа декларација што е изготвена овде во протекст што ни е дадена и второ што господин Ханџиски сакаше да даде друг текст, па тој текст јас мислам да е чиста препис штом се упатува на еден изворен акт на одлука или на резолуција или на декларација или на закон, било што да е само ќе се повикаме на него тој е познат и со тоа јас би сега во овој момент да не биде трета среќа меѓутоа до овој момент со акламација оваа државничка одлука да ја усвоиме.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, ајде да поминеме на гласање.

Господинот Ешреф Алиу.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Почитувано претседателство, почитуван господин претседателе на Републиката господин претседателе на Владата, господине Тупурковски, министри, дами и господа и почитувани пратеници

Излегов на говорница и потоа симпатично барање на господинот Стојановски на што сум му благодарен но сметам доколку не излегов ќе останев должен без да истакнам некои работи.

Прво, целосно ја прифаќам, воедно и парламентарната група ја прифаќа Декларацијата за Југославија и Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз. Впрочем, тоа ни се точките на дневен ред.

Лично во целост го прифаќам излагањето на господин Денко Малески и

од неговата содржина и аспектот од кој поаѓа посебно сум задоволен.

Излегов да кажам и да изразам едно мое задоволство што денеска во Европа која ние ја посакуваме, можеме да заклучиме дека од ден на ден зајакнува и победува демократијата. Таа демокрација која им е неопходна посебно на малите работи, на малите држави, на миниоритетите, на националните групи, на националните малцинства. Воедно сакам да го кажам моето мислење дека не ми е мило што во созревањето на свеста на Европа во Југославија неможеме сами да се разбереме, се најде и Македонија. Но, радостен сум што во конкретните постапки се прави конкретна динстикција.

Сакав да замолам за повеќе трпение, посериозна ангажираност на пратениците во Собранието и вложување на повеќе напори за правилно сваќање на критичните излагања на пратениците од ПДП.Тоа, иако во паузата слушнав и имаше некое наслутување никако не смее да да се свати или да значи дека тие дискусии водат кон тоа дека тие дискутанти во најмала рака не се за сувереност, за независност на Македонија и за меѓународно признавање на Република Македонија. Така можат да расудуваат, јас не навлегувам подлабоко на луѓе на кои тоа така им годи, да излезе така, а мене веќе ми е доста од тие такви погрешни потези. Преку нос и е и на оваа Република и на овој Парламент и на оваа Влада.

Сакам да истакнам дека и ние како господин Ханџиски, што тука се произнесе конкретно и пошироко се обидовме со добра намера да дадеме допринос на текстот на Декларацијата биде уште поконкретен. Сметавме дека разгледувајќи ја третата верзија дојдовме до сознание дека таа цел во таа јаснотија и во таа точност третата верзија во начело ги содржи. Затоа амандманите престануваат натаму да се дебатираат и да се земат предвид.

Исто така сум среќен што во денешната политичка структура се најдоа личности кои не водеа одмерено, умно и паметно во водите на меѓународната политика, Воедно од тој макотрпен, трновит пат да успееме да го доживееме меѓународното признание. Со право, дозволете очекувам што побрзо поконкретни потези во внатрешната политика во оваа наша среќа или мое убедување во Македонија сепак се поседува квалитет, поседува граѓанска свест заедно да градиме една филозофија на заеднички рамноправен живот, а тоа ни е основен долг кон генерациите што ќе доаѓаат. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Имаме објаснување за амандамните дека се однесуваат за поранешните верзии. Вие знаете дека имавме три верзии. Денес упорно се работеше и со оглед на текстот на третата верзија амандманите се повлечени од пратеничката ПДП и НДП.

Господинот Хаџиски фактички сите амандмани ги даде како сугестии.Така го сфатив и така и ми потврди. Според тоа, ние немаме амандмани.

Господинот Петров исто така се обиде да даде сугестии и него го свакам дека тоа беа само сугестии а не амамднами за кои се инсистира да се гласа.

Во тој случај дозволете ми да го заклучам претресот и да поминеме на изјаснување.

Предлогот на Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

(Аплауз)

Дозволете прво да констатираме, да утврдиме па ќе го прочитаме текстот на Декларацијата.

104 пратеника гласаа за "за".

(Аплауз)

Молам, дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржа од гласање? (Не).

Констатирам дека со 104 гласа Собранието ја донесе Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.

Дозволете да го прочитам текстот.

Собранието на Република Македонија врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, расправајќи по Деклра-рацијата за Југославија и Деклрацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз донесени од Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел, а тргнувајќи од принципите на повелбата на ООН, завршниот акт на КЕБС во Хелсинки и Париската повелба на седницата одржана на 19 декември 1991 година, донесе

# Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

за меѓународно признавање на Република Македонија
како суверена и независна држава

1. Република Македонија како суверена и независна држава бара да биде меѓународно призната.

2. Република Македонија ги прифаќа критериумите и ги исполнува условите донесени од страна на Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел.

3. Република Македонија го прифаќа Нацртот на документот на Конференцијата за Југославија во Хаг.

Таа го поддржува продолжувањето на Конференцијата за Југославија во Хаг и ќе учествува, како и досега, на конструктивен начин во нејзината работа, со цел да се постигне дефинитивно решение за југословенската криза на мирен и демократски начин.

Истовремено, Република Македонија ги поддржува досегашните напори на Европската заедница на тој план и ја изразува својата готовност и натаму активно да учествува во нив.

4. Република Македонија ги поздравува и во целост ги поддржува напорите на ООН преку Генералниот секретар и Советот за безбедност за мирен расплет на југословенската криза, вклучувајќи го и упатувањето на мировни сили на ОН.

Собранието на Република Македонија го повикува Претседателот на Републиката и ја задолжува Владата, во согласност со нивните уставни овластувања, да ги преземат сите мерки и активности што произлегуваат од оваа Декларација.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(Долготраен аплауз)

(Сите присутни во салата се станати)

Нека ни е честит овој документ и од овој момент се надеваме почнува една нова епоха во историјата на нашата држава.

Со ова седницата е завршена и благодарам.
(Седницата заврши во 17,25 часот)